Предмет: Мислење

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено Барање мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси, бидејќи со Договор за вработување, согласно член 22 став 1 алинеја 6 и став 5 од Законот за вработени во јавниот сектор лицето е избрано за извршител на работно место Посебен советник во кабинетот на Министер, а со Одлука на Влада на РСМ е именувано за член на Надзорен одбор на АД со државен капитал.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издава следново:

## МИСЛЕЊЕ

Државната комисија известува дека, согласно член 49 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација **не постои состојба на судир на интереси**.

Согласно наведениот член од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*(2) Вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.*

Вработувањето на посебните советници е регулирано во Глава 5 во Видови вработувања во јавниот сектор од Законот за вработени во јавниот сектор

Лице како посебен советник на Министер е вработено во јавниот сектор согласно член 22 став 1 алинеја 6 и став 5 од Законот за вработени во јавниот сектор на определено време, и вработувањето трае до истекот на мандатот на Министер.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со оглед на погорецитираниот член од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси лицето вработено во јавниот сектор може да бидете член во еден Надзорен одбор на трговско друштво со доминантен државен капитал.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk